Агенција на Република Македонија за приватизација

Никола Вапцаров 7, п.ф. 410, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 117-564 Факс: +389 2 126-022
e-mail: agency@mpa.org.mk http://www.mpa.org.mk

*Наш знак:*

*Ваш знак:*

Скопје,

**Предмет:** ***Информација***

1. Претпријатието АД "ФЕРШПЕД" - Скопје трансформацијата ја започна според Законот за општествен капитал во 1991 година.

2. Во претпријатието е извршена конторла на примената на Законот за општествен капитал и Законот за исплата на лични доходи, средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана на работниците, од страна на овластеџ орган Министерство за финансии - Управата за јавни приходи - Подрачна единица Скопје, за што е изготвен Извештај бр. 438 од 24.05.1994 година кој е доставен во Агенцијата, на што Агенцијата издаде Решение по Извештајот од контролата бр. 2086 од 23.08.1994 година.

3. Претпријатието постапило по наодите од Решението, направило пресметка за плаќање на со закон пропишаните обврски на секој имател на интерни акции за претворање на интерните акции во обични и тие во целост се платени.

4. Предмет на трансформација по извршената контрола на структурата на капиталот е 43,98% од проценетата вредност на капиталот на претпријатието.

5. Постапката за трансформација на општеатвениот капитал АД "ФЕРШПЕД" - Скопје ја продолжува согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл.весник на РМ бр. 38/93........6/2002).

6. Со цел трансформација на претпријатието изготвен е и доставен во Агенцијата на Република Македонија за приватизација, Извештај за проценка на вредноста на капиталот на АД "ФЕРШПЕД" - Скопје, кој е во согласност со Законот и Методологијата за проценка на вредноста на претпријатијата со општествен капитал (Сл.весник на РМ број 74/93, 3/94, 25/95, 52/95 и 60/96).
   Во Извештајот за проценка нема делбен биланс со оглед дека претпријатието се трансформира како еден правен субјект.

7. Одлуката за трансформација на АД "ФЕРШПЕД" – Скопје, бр. 880 од 24.10.1994 година, е донесена во согласност со чл.15 од Законот за трансформација на претприатијата со општествен капитал

8. Програмата за начинот на остварување на трансформацијата на АД "ФЕРШПЕД" – Скопје е изготвена согласно со одредбите на Законот и Упатството за подготвување на програма за начинот на остварување на

трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. (Сл.весник на РМ бр.3/94 и 23/95).

9. Во Одлуката и Програмата за трансформација предвиден модел на трансформација е – *Продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите со претпријатието*

10. Врз основа на доставената документација, согласно член 15 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, и доставеното мислење по истата од страна на Агенцијата на Република Македонија за приватизација, Комисијата на Владата на Република Македонија за приватизација донесе Решение бр.15-230/11 од 24.01.1995 год. со кое даде согласност за отпочнување на постапката за трансформација на АД "ФЕРШПЕД" – Скопје, согласно Одлуката за трансформација бр.880 од 24.10.1994година

11. За реализација на предвидениот модел на трансформација објавен е јавен повик за прибирање на понуди на 15.02.1995 година во дневните весници "Нова Македонија" и "Вечер".

12. Врз основа на спроведената постапка за прибирање на понуди по јавниот повик со најповолниот купувач склучен е Договор бр. 1813 од 19.04.1995 година, за продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите на претпријатието меѓу Агенцијата на РМ за приватизација и лицата купувачи.
Напоменуваме дека претпријатието ја нема доставено до Агенцијата на Република Македонија за приватизација потребната документација за претворањето на интерните акции издадени по ЗОК и Законот за исплата на личните доходи ......., во обични, односно нема Преглед на претворање на интерните акции во обични по лица согласно Упатството за претворање на интерните акции во обични,(Сл.весник на РМ бр.3/94), а не е доставена ниту Одлуката за претворање на интерните акции во обични иако Агенцијата од претпријатието ги побарала тие документи).

13. Обврските преземени со Договорот бр. 1813 од 19.04.1995 година во целост се исполнети и претпријатието има статус на веќе приватизирано претпријатие.

14. До Агенцијата на Република Македонија за приватизација е доставено барање за ревизија на постапката за приватизација на АД"ФЕРШПЕД"-Скопје,при што се доставени Изјави од четири акционери со кои изјавуваат под морална, материјална и кривична одговорност дека акциите кои ги поседувале во акционерската книга од 1991 година, во акционерската книга од 1995 година без нивна согласност им се одземени и впишани на менаџерскиот тим.
Со оглед дека Агенцијата на Република Македонија за приватизација не располага со податоци и документација за бројот на интерните акции по лица и за начинот на нивното претворање во обични, потребно е да се направи контрола на интерните акции што лицата – акционери ги имаат по Законот за општествен капитал и на начинот на нивното претворање од интерни во обични акции.

Со почит,

Иван Андоновски
Директор